# ОПШТИНА КРАТОВО

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 17 Година 2018*
*28.12.2018 година*
*Кратово*

*Претплата за 2018 година*
*изнесува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*

**Содржина** **Стр.**

- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2019 година ..................................... 1
- Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2019 година ........................................................ 1
- Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2019 година ........................................................ 2, 3, 4, 5, 6, 7
- Заклучок за објавување на Буџет на Општина Кратово за 2019 година ........................................................................ 8
- Буџет на Општина Кратово за 2019 година ..................................................... 8, 9
- Заклучок за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година ...................................................... 9
- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година .................................................... 9, 10, 11, 12, 13
- Заклучок за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој ................................................ 13
- Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој ............................. 14
- Заклучок за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура-Општина Кратово".............................................. 14
- Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура-Општина Кратово".................................................. 15
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2019 година ............................................... 15
- Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2019 година .................................................................. 16

************************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Овластениот комунален инспектор на Општина Кратово за 2019 година година ........................................................... 16
- Одлука за усвојување на Програма за работа на Овластениот комунален инспектор на Општина Кратово за 2019 година година .................. 17
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2019 година ........................................................................ 17
- Одлука за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2019 година ................ 18
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2018 година .................... 18
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2018 година ...................................... 19
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2019 година .................... 19
- Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2019 година ...................................... 20
- Заклучок за објавување на Одлука за ставање вон сила на одлуката за давање согласност на Планот за вработување на Општина Кратово за 2019 година........................................................................... 20
- Одлука за ставање вон сила на одлуката за давање согласност на Планот за вработување на Општина Кратово за 2019 година ........................ 21


************************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2019 година бр.09-1993/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2013/1
28.12.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КРАТОВО ВО 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2019 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1993/1
25.12.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 25.12.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на општина Кратово во 2019 година**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Според Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и Деловникот за работа на советот, на Советот на општина Кратово е предвидена обврска да донесе Програма за работа на Советот за тековната година според која што Советот ќе работи и ќе ги насочува своите активности за тековната година.

Советот на општината определувајќи ги насоките по кои ќе работи во текот на 2019 година, а со цел да создаде услови за остварување на својата функција, ја донесува Програмата за работа за 2019 година.

Советот на општината во рамките на своите надлежности може да организира и посебни седници посветени на тековните прашања и одговори на прашањата поставени од советниците до Градоначалникот и службите на општинската администрација.

Бројот на таквите седници ќе зависи од актуелните проблеми и прашањата за кои што ќе има интерес да бидат поставени.

Програмата за работа на Советот може во текот на годината да биде изменувана и надополнувана при што секое надополнување и обогатување ќе биде во функција на нејзиното поквалитетно и квантитетно остварување.

## . ПОСЕБЕН ДЕЛ

(конкретни точки, временски период за нивно донесување и изготвувачи и предлагачи на истите)

- Советот на општина Кратово ќе одржува седници секој месец, а најмалку 12 (дванаесет) во текот на годината;

***Јануари-Февруари-Март***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Извештај за работата на одделението за финансиски прашања вклучувајќи информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;

- Предлог-Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на буџетот на општина Кратово за 2018 година и Годишен извештај за 2018 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за поддршка на проекти за аплицирање кај домашни и меѓународни институции-Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за 2018 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2018 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2018 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2018 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2018 година;

- Годишна сметка со финансов извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за 2018 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2018 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Годишен Извештај за реализираните активности од Програмата за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2018 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Информација за состојбата со снабдувањето со огревно дрво на населението од Општина Кратово-Изготвувач "Македонски шуми"-Кратово;
- Спроведување на постапка објектот "Партизан"-Поранешна "Соколана" да се даде во сопственост на општината како истиот би се реновирал и адаптирал во објект во интерес на граѓаните на општината;
- Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Кратово за 2018 година-Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност-Кратово;
- Предлог-Иизвештај за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2018 година: Изготвувач Командир на ТППЕ Кратово;
- 
- Предлог-Програма за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2019 година: Изготвувач Командир на ТППЕ Кратово;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2018 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2018 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за социјална и здравстена заштита за 2018 година во општина Кратово; Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Годишен извештај за работата на Центар за социјални работа- Кратово за 2017 година-Изготвувач: Центар за социјална работа - Кратово;
- Предлог-Одлука за изградба на тротоар на ул."Гоце Делчев" во делот од бензиската станица до Нов мост (рок: во текот на годината)-Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Предлог-Одлука за поставување на заштитна ограда за пешаци на ул."Гоце Делчев" спроти маркет "Зоки Тони" на спореден пат кон Здравствен дом Кратово и ул."Кочо Рацин" (рок: до почетокот на новата учебна година)-Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Предлог-Одлука за проширување на постојниот паркинг на ул."Св. Ѓорѓи Кратовски" спроти Хотел Кратис ((рок: во текот на годината) -Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Предлог-Одлука за проширување на раскрсница-смалување на отворот кај Детска градинка "Царка Андреевска" и обезбедување повеќе простор за запирање на возила) - Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;

- Предлог-Одлука за изградба на шеталиште покрај ул."Гоце Делчев" од Шумско до Дирекција) - Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Предлог-Одлука за уредување на просторот позади Стаклара за паркирање - Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Предлог-Одлука за сообраќајно обележување и поставување на сообраќајни знаци во град Кратово- Предлагач Градоначалник во соработка со Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Програма за прослава на 24-ти февруари "Св.Ѓорѓи Кратовски"-Изготвувач: Одбор за прослава на 24-февруари "Св. Ѓорѓи Кратовски";
- Локален акционен план за родова рамноправност во општина Кратово- Изготвувач и Предлагач: Комисија и Координатор за еднакви можности на жените и мажите.

***April-Maj-Juni***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Буџетски календар на општина Кратово за 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за првиот квартал од 2019 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за учебната 2019/2020 година;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2019/2020 година;

***Јули-Август-Септември***

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за вториот квартал од 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за вториот квартал од 2019 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;

- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба задонесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност-Кратово за првата половина од 2019 година-Изготвувач: Командир на Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Полугодишен извештај за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2019 година-Изготвувач: Командир на Територијалната противпожарна единица Кратово;
- Програма за одбележување на денот на ослободувањето на Кратово 6-ти Септември;
- Годишен извештај за работата на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово за учебната 2018/2019 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2018/2019 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на ЈОУДГ-Детска градинка "Царка Андреевска" - Кратово за 2018/2019 година - Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово ;
- Годишна програма за работата на ООУ "Кочо Рацин"- Кратово за учебната 2019/2020 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"- Кратово;
- Отворен ден за посета на ученици од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово на Градоначалникот и Советот на општина Кратово, а како дел од Програмата за работа на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово;
- Годишна програма за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2019/2020 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишна програма за работата на ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово за работната 2019/2020 година-Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово.

***Октомври-Ноември-Декември***

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Програма за работа на Советот на општина Кратово за 2020 година-Предлагач: Комисија за изработка на предлог-програма за работа на Советот;
- Годишен план за вработување во Општина Кратово за 2020 година;
- Годишен план за вработување во ООУ "Кочо Рацин Кратово"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин Кратово";
- Годишен план за вработување во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски";
- Годишен план за вработување во ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: ЈОУДГ "Царка Андреевска";
- Годишен план за вработување во ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов";
- Годишен план за вработување во ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово";
- Годишен план за вработување во ЈП "Кратово"-Кратово за 2020 година;-Изготвувач: ЈП "Кратово";
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Планови на Програмите за развој на општина Кратово-Предлагач; Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;

- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за третиот квартал од 2019 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Годишна програма со Предлог-одлука за усвојување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2020 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Програма со Предлог--Одлука за усвојување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Кратово-Предлагачи: Инспектор за комунални работи и заштита на животната средина во Одделението за инспекциски работи, Одделението за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР и ЈП "Кратово" од Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2018 година; -Предлагач: Градоначалник-Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Градоначалник-Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2018 година; Предлагач: Градоначалник-Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2019 година; Предлагач: Градоначалник-Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2018 година; Предлагач: Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинска установа "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2018 година; Предлагач: ОУ "Музеј на град Кратово"- Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2019 година Предлагач - Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово;
- Предлог-Програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2019 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на воспитни групи со поголем број на деца во Јавната општинска установа-Детска градинка "Царка Андреевска"-Кратово за 2019 година;

- Предлог-Програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2019 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за социјална и здравстена заштита за 2019 година во општина Кратово; Предлагачи: Центар За социјални работи Кратово; Здравствен дом Кратово, Комисија за јавни дејности и установи;
- Информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 10 месеци од 2018 година-Изготвувач: Одделение за финансиски прашања;
- Нацрт-Буџет на општина Кратово за 2019 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Буџет на општина Кратово за 2019 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Кратово за 2019 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот на државните службеници во Општина Кратово Предлагач-Градоначалник-Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за спроведување на Попис на средствата и изворите на средствата во Општина Кратово;
- Предлог Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2019 година-Предлагачи: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2019 година;
- Организација на културна манифестација "Пастрамајкијада";
- Организација на културна манифестација "Компиријада".

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на општина Кратово ја регулира нормативната дејност на Советот во 2018 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивно усогласување со новите прописи кои се донесени или што ќе бидат донесени во 2019 година.

## IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Со Програмата се нуди можноста да членовите на Советот и неговите работни тела дадат свој придонес во збогатувањето на програмата со содржини кои не се опфатени со истата, а се од надлежност на Советот и кои не се предвидени со овој предлог на Програмата.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат кон обврските определени со програмата и роковите кои што се утврдени во истата.

Во текот на 2019 година Советот на општина Кратово ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење, а секое изменување и дополнување на оваа програма ќе биде во функција на обогатување и подобрување на квалитетот на истата, а со тоа и на самото работење на Советот на општина Кратово во 2019 година.

Програмата ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1993/2
25.12.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Буџет на Општина Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Буџет на Општина Кратово за 2018 година бр.09-1994/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2014/1
28.12.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 5/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и 209/2018) Советот на општина Кратово на 23-ата седница оддржана на 25.12.2018 година донесе:

**Б У Џ Е Т**
**на Општина Кратово за 2019 година**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општината КРАТОВО за 2019 година, се состои од:

| | |
|---|---|
| **I.ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **153.472.886** |
| Даночни приходи | 12.628.000 |
| Неданочни приходи | 8.718.000 |
| Капитални приходи | 4.515.000 |
| Приходи од дотации | 93.439.457 |
| Приходи од трансфери | 34.172.429 |
| Приходи од донации | 0 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **157.121.486** |
| Од утврдени намени | 156.921.486 |
| Расходи од резерви | 200.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **-3.648.600** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **3.648.600** |
| **Прилив** | 0 |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Депозит** | 6.286.124 |
| **Одлив** | |
| Отплата на главница | 2.637.524 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

**Член 3**

Се овластува стручната служба да изврши конечно усогласување на планираните и извршените позиции во Буџетот на Општина Кратово

**Член 4**

Буџетот влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.09-1994/2 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2018 година бр.09-1995/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2015/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 ,192/15 и 209/18), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18) и член 15 и 20 од Статутот на Општина Кратово („Службен гласник на Општина Кратово" бр:6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2019 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Кратово за 2019 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година/ односно по коефициент во износ од 26. 755 денари;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

-на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кратово, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2019 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

-средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

-локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме со бруто и нето плата и декларација) за месецот за кој се однесува платата;

-во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, во кој што износ влегува и редовното присуство на членовите на Советот на седниците на работните тела (комисии и одбори) на Советот и присаство при склучување на бракови на овластените советници, а надоместок во висина од 600,00 (шестотини) денари им се исплаќа само на членовите на работните тела (комисии и одбори) на Советот кои се надворешни лица и не се членови на Советот на општината.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 500,00 денари и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница и цела дневница од $12,^{01}$ -24 часа цела дневница.

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404150 - Други надоместоци на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечната нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во

смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 404150 –Други надоместоци.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства**.**

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Кратово се извршува од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кратово", а ќе се применува од 01 јануари 2019 година.

09 -1995/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој бр.09-1996/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2016/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој**

1. Советот на општина Кратово во Буџетот на општината презема обврска и обезбедува средства во износ од 1.082.313,00 (еден милион осумдесет и две илјади триста и тринаесет) денари за реализирање на Проект од Програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година, односно за аплицирање на Проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура" во соработка со Североисточниот Плански Регион, а во врска со програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година.
2. Општината презема обврска за обезбедување на средства за кофинансирање во висина од 15 % од вредноста на предлог проектот.
3. Предвидените средства од точките 1 и 2 од оваа Одлука Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на проектот од Програмата за рамномерен регионален развој, односно кога проектот ќе биде одобрен.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1996/1 — **Претседател**
25.12.2018 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на Проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура -Општина Кратово"**

**1.Се објавува: Одлука за поддршка и давање на приоритет на Проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура-Општина Кратово" бр.09-1997/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2017/1 — **Градоначалник**
28.12.2018 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за поддршка и давање на приоритет на проектот "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура-Општина Кратово"**

1. Со Одлуката Советот на општина Кратово го поддржува и му дава приоритет на проектот: "Изградба на шеталиште покрај Кратовска Река со придружна инфраструктура-Општина Кратово" кој ќе се реализира во соработка со Североисточен Плански Регион.

2. Поддршката се дава со цел истата да послужи за аплицирање по Програмата за рамномерен регионален развој при Министерството за локална самоуправа.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1997/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово" - Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово" - Кратово за 2019 година бр.09-1998/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2018/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2019 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2019 година усвоена со Одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие бр.02-953/1 од 13.12.2018 година.

**II.** Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**III.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1998/1
25.12.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Овластениот комунален на Општина Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на Овластениот комунален инспектор на Општина Кратово за 2019 година бр.09-1999/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2019/1
28.12.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и точка 12, член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за работа на Овластениот комунален инспектор на Општина Кратово за 2019 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Програмата за работа на овластениот комунален инспектор на Општина Кратово за 2019 година.

**II.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 -1999/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа и развојх на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година бр.09-2000/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2020/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 5, член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година**

**I.** Со Одлуката Советот на Општина Кратово ја усвојува Годишната програма за работа и развој на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2019 година.

**II.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 2000/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2018 година бр.09-2001/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2021/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 5, член 36 став (1) точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2018 година**

**I.** Со Одлуката Советот на Општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за работата на Општинската установа "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2018 година.

**II.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 2001/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2019 година бр.09-2002/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2022/1 **Градоначалник**
28.12.2018 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 5, член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2019 година**

**I.** Со Одлуката Советот на Општина Кратово ја усвојува Годишната програма за работа на Општинската установа "Музеј на град Кратово" - Кратово за 2019 година.

**II.** Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 2002/1
25.12.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 28.12.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за ставање вон сила на одлуката за давање согласност на Планот за вработување на Општина Кратово за 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за ставање вон сила на одлуката за давање согласност на Планот за вработување на Општина Кратово за 2019 година бр.09-2003/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 2023/1
28.12.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 48/2015) член 36 став (1) Точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ставање вон сила на одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2019 година**

**Член 1**

Со Одлуката се става вон сила Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Кратово бр.09-427/1 од 02.03.2018 година објавена во "Службен Гласник на Општина Кратово" бр.3/2018. Годишниот план за вработување е заведен под бр.04-370/1 од 23.02.2018 година.

**Член 2**

За оваа одлука ќе биде известено Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 2003/1 **Претседател**
25.12.2018 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.